СОЗУ "Кузман Шапкарев" – Битола
ул. "Димитар Робев" бр.3
7000 Битола, Република Македонија
тел./факс: 047/238-401
email: ksapkarev@hotmail.com
web: kuzmansapkarev.edu.mk

До Советот на Општина Битола

ПРЕДМЕТ: ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА
,,СОЗУ КУЗМАН ШАПКАРЕВ" ЗА УЧЕБНАТА 2018/19 ГОД.

Работата на училиштето во тек на учебната 2018/19 год. се одвиваше според Годишната програма за работа , согласно со законските прописи на Република Македонија кои произлегуваат од законот за средно образование. Истата е доставена до сите релевантни фактори: Министерството за образование и наука, Советот на Општина Битола, Бирото за развој на образованието на Република Македонија, просветниот инспекторат на Општина Битола, во регуларниот законски рок до 31.08.тековната година.

Од тој аспект, направени беа обиди истата максимално да се реализира. Имено СОЗУ Кузман Шапкарев - Битола како воспитно - образовна организација учествува во оспособувањето на кадри од ***земјоделско-ветеринарната*** струка на ниво на општина и пошироко во регионот. Согласно со тоа, СОЗУ Кузман Шапкарев - Битола организира и реализира перманентен воспино - образовен процес за повеќе образовни профили и степен на стручна подготовка.

Во тек на учебната 2018/19 год во нашето училиште беа застапени следните профили:
- **Техниичар за фармерско производство -** четири годишно образование,
- **Ветеринатер техничар** - четири годишно образование,
- **Техничар за хортикултура -** четири годишно образование,
- **Техничар за агроменаџмент-** четири годишно образование.

БРОЈ НА УЧЕНИЦИ ПО ГОДИНИ И ЗАНИМАЊА

Во СОЗУ Кузман Шапкарев - Битола во учебната 2017/18 година бројот на ученици по години е следниот:

I година: 1 паралелка и тоа во земјоделска-ветеринарна струка

Клас Бр. на ученици

I - 1 13 ученици ветеринарен техничар / техничар за агроменаџмент / техничар за фармерско производство / техничар за хортикултура.

Вкупно: 13 ученици

II година: 1 паралелка од земјоделско-ветеринарната струка

Клас Бр. на ученици

II -1 9 ученици ветеринарен техничар / техничар за агроменаџмент / техничар за фармерско производство / техничар за хортикултура.

Вкупно: 9 ученици

III година: 1 паралелка земјоделско-ветеринарната струка:

Клас Бр. на ученици

III – 1 6 ученици ветеринарен техничар / техничар за агроменаџмент / агроменаџмент / техничар за фармерско производство. Еден ученик се отпиша во Ноември-2018г.

Вкупно: 5 ученици

IV година: 2 паралелки земјоделско-ветеринарната струка:

Клас Бр. на ученици

IV -1 10 ученици ветеринарен техничар / техничар за агроменаџмент

IV -2 5 ученици техничар за фармерско произвотство / техничар за

хортикултура

Вкупно: 15 ученици

Вкупно во четирите години 42 ученици.

Состојбата на крајот од школската 2018/19 година е следната:

Клас	Запишани	Отпишани	Не завршија	Завршија
1-1	13	/	/	13
2-1	9	/	/	9
3-1	6	1	/	5
4-1	10	/	/	10
4-2	5	/	/	5

Вкупно	53	2	0	52
	100%	1,9 %	0 %	98,11%

Наставата во текот на учебната 2018/19 година се изведуваше според наставниот календар за организација на учебната 2018/19 год. Во тек на ***редовна настава*** покрај обработката на воспитно-образовните содржини се вршеше и следење и оценување на учениците.

Исто така се изведувана е и ***дополнителна воспитно-образовна настава*** во вид на: додатна настава, консултативна настава и индивидуална настава. Во Училиштето овој вид на настава се организираше за учениците кои од разни причини покажуваа слаби резултати во совладувањето на програмските содржини.

Паралелно со стручно-теоретската настава се организираше и ***практична настава*** за сите образовни профили во Училиштето која е во во функција на оспособување на учениците за извршување на работните задачи и работи. Оваа настава се реализираше во рамките на постоечките фарми и земјоделското стопанство на Училиштето, за што и непрекинато создаваме услови за поуспешна реализација, но и со нејзината реализација да се увидат резултатите од истата. Практичната настава се изведуваше по групи во сите класови, предводени од стручни наставници, за сите профили од струките а, за подобар квалитет во наставата, таа се изведуваше во смени.

Практичната настава како посебен предмет се изучува во втора, трета и четврта година и тоа по наставни часа :

Земјоделско-Ветеринарна струка	**II**	**III**	**IV**
Ветеринарен техничар	4	7	5
Техничар за фармерско производство	4	6	5
Техничар за хортикултура	4	5	6
Техничар за агроменаџмент	4	6	5

Исто така, дел од практичната настава се изведуваше во соработка со ветеринарни станици во Битола, АД Пелагонија, ЈП Комуналец, АД Млекара од Битола, ЗОО Градина, Краварски фарми во Породин, Новаци, ДООЕЛ Евро Стил и сл.

Во школото се изведуваше и ***професионалната пракса*** која се организираше според динамиката на плодоредот за есенските подготовки и пролетните активности,

циклусните и тековните фази на сточарската фарма на Училиштето и во предходно споменатите субјекти. Професионалната пракса се изведуваше и во соработка со приватни претпријатија и поединци кои соработуваат со Училиштето за изведување на разновидни услуги од доменот на струките. Професионалната пракса учениците ја реализираа и со активности во фармата и цвеќарата.

Во училиштето согласно со програмските определби за реформирано средно образование постојат и ***слободни часови на Училишето*** кои се таков облик на образовна дејност со кои училиштето им излегува во пресрет на дел од учениците кои сакаат да изучуваат други содржини или да реализираат други активности надвор од задолжителниот дел. Во учебната 2018/19 година тие беа избрани од следните подрачја:

- Урбана култура
- Сточарско производство
- Хортикултура
- Претприемништво и бизнис
- Подготовки за вработување и работа
- Природни науки

Во рамките на слободните часови на Училиштето, во неколку наврати беше извршено теренско истражување на учениците, при што во согласност со проектите беа посетени повеќе инстуции и објекти.

Училиштето организираше и ***слободни ученички активности.*** Во слободни ученички активности со културно-забавен и спортски карактер работеа:

- литературна и рецитаторска
- спортско друштво
- историска
- еколошка
- странски јазици - англиски
- соработка со Народен Театар - Битола, Центарот за културата на Битола
- соработка со Музеј-Битола

Во тек на учебната 2018/19 год. се организираше еднодневна **екскурзија** за сите ученици, со рекреативно-забавен и научен карактер.

Со цел учениците од I - IV година да бидат медицински згрижени , организирани беа систематски прегледи и вакцинации.

Нашето Училиште со учество на наш кадар по физичко воспитание се вклучуваше во соработка со лекарите во извршување на вежбите кај учениците кои имаат деформации на рбетен столб, како и при други активности.

Со цел да се заштити здравјето на учениците се превземаа мерки за обнова и реновирање на училишниот намештај, редовно одржување на хигиената на училниците, спортската сала, санитарните јазли, подобрување на личната хигиена по престојот на фармите почитување на куќниот ред и др.

Исто така, механизацијата во стопанството со цел успешно спроведување на практичната настава беше редовно одржувана, а се набави и нова машина за култивирање.

Наставата како најважен сегмент од воспитно-образовната работа во училиштето беше предмет на континуирано следење. Следењето на наствата се реализира на повеќе нивоа и во него учествуваа сите субјекти кои непосредно ја реализираат: Директорот, социологот, меѓусебната посета на наставниците од исти стручни активи.

Унапредувањето на наствата во Училиштето како на теоретската така и на практичната и на друга форма, се одвиваше и со примена на аудио-визуелните средства кои се на располагање на наставниците во библиотеката, како и со користење на компјутерите во соодветните кабинети.

Во организација на училиштето традиционално се организира ***акција за калемење на дивата круша - горница***, кое што оваа година се случуваше во с.Српци, општина Битола. Во акцијата учествуваа ученици, родители и професори од нашето училиште, како и локални земјоделци, локални жители и ентузијасти од Битола и околината. Одзивот беше масовен со над 60 учесници – калемари.

Нашето училиште учествуваше на традиционалните *Државни натпревари* на училиштата од земјоделско - ветеринарната струка, на кои оваа година домаќин СОУ Орде Чопела од Прилеп, каде е освоено второ место во дисциплината „Органско Производство“.

Соработката со родителите на учениците и нивните семејства како битен елемент за воспоставување на спона на релација ученик-наставник, родител-состојба и ситуација во семејството беше редовно практикувана. Главни носители во оваа соработка беа класните раководители кои беа должни да ги известуваат родителите за посета на родителските средби, како и предметните наставници во период кога немаат часови.

И оваа учебна година од страна на училишниот психолог беа организирани советувања за родителите на нередовните и проблематични ученици.

Исто така, Советот на родителите како битна спона преку која родителите ги остваруваат нивните интерес редовно одржуваше свои состаноци.

Во тек на учебната 2018/19 година редовно беа одржани повеќе седници на Наставничкиот колегиум на Училиштето, како и состаноци на Советот на годината кои се одвиваа според предвидена програма во зависност од периодот на годината.

Во рамките на ***училишното стопанство*** беа изведени следните активности:
- Припрема на земјоделските машини за пролетна сеидба;
- Обезбедување на семенски други материјали;
- Организација и изведба на пролетната сеидба
- Нега на есенските посеви;
- Организирање и изведување наводнување на пролетните култури
- Косидба и балирање на фуражни култури

- Генерално чистење и дезинфекција на краварската фарма , телчарникот и свињарската фарма
- Заштита на пролетните посеви од болести и штетници;
- Подготовка на земјоделските машини за изведување на жетвените работи;
- Подготвување на извештај за бројната и здравствената состојба во училишната фарма;
- Изведување на феријалната пракса, жетва и косидба.
- Активности за есенска сеидба и прибирање на пролетните посеви.
- Дел од практичната настава во училиштето се изведуваше во ботаничка градина на површина од два декари каде се засадени садници од најразлични овошни култури и други растенија. Наводнувањето во истата е спроведено со ***системот за наводнување какпка по капка***.
- Извршено е дополнително засадување на садници во овошната ботаничка градина, како и набавка на садници од украсни дрва и пеларгонии за потребите на практичната настава по хортикултура.
- Во два наврати е извршена дезинфекција дезинсекција и дератизација на училиштето од страна на стручна екипа. Направени се и годишни санитарни прегледи на вработените.

Во склоп на организацијата на рекламната кампања за училиштето, во периодот март - јуни 2019 год. беа изведени повеќе активности според однапред составен акциски план при што се изведени серија промотивни активности, меѓу кои: промоција преку јавните медиуми, изработен е пропаганден материјал, беше изведена посета на најголемиот број на основни училишта од нашата, како и од соседните општини.

Во периодот од 14-16 Ноември 2018г. и 26-28 Ноември 2018г. на покана на УСАИД и МЦГО, Марија Филиповска – стручен соработник – психолог и Владимир Илиевски – професор по група земјоделски предмети учествуваа на обуките во склоп на Проектот на УСАИД „Меѓуетничка Интеграција на Младите во Образованието“. Проектот на УСАИД за меѓуетничка интеграција на младите во образованието е петгодишна иницијатива за зајакнување на меѓуетничката кохезија меѓу младите и развој на демократските и граѓанските однесувања. Преку создавање можности за учениците да се дружат и да соработуваат на разни граѓански иницијативи, проектот негува позитивни интеракции помеѓу етнички разновидната младина на ниво на училиште и заедница. Проектот го имплементира Македонскиот центар за граѓанско образование во соработка со Младински образовен форум. За време на обуките од овај проект тренерите беа обучени за водење на креативни работилници и исто така стекнаа знаења и вештини за водење на еден малку поинаков процес на разрешување на конфликти преку Форум театар. За време на обуките беа изработени повеќе работилници кои подоцна истите во период од Јануари 2019г. – Мај 2019г. беа работени со учениците од СОЗУ „Кузман Шапкарев“– Битола. Процесите на Форум театар беа работени под менторство на актерите Кети Дончевска Илиќ, Горан Илиќ. Целта на креативните процеси во коишто беа вклучени младите е да им се понудат креативни алатки и иновативни пристапи кои ќе придонесат за зајакнување на учеството на младите во меѓуетничкиот дијалог во училишната и поширокаата заедница и да ги зголемат граѓанската свест и демократското однесување меѓу младите во државата. Како финален продукт од повеќемесечно учество на младите во креативните работилници, учениците од ова училиште изведоа форум театар со цел разбивање на предрасудите за земјоделските училиштата, а воедно и

промоција на новите насоки во училиштето и квалитетното стручно образование воопшто.

Во периодот од Март-2019 до Јуни-2019 се потпишани меморандуми за соработка со сродни компании како СИНПЕКС и ЕВРО СТИЛ во кои од учебната 2019/20 година нашите ученици ќе извршуваат практична настава.

Во тек на 2018/19 година нашето училиште беше вклучено во повеќе проекти и тоа: Проект: Лапси - Македонска активна платформа за социјална инклузија; Управување со конфликти; Act together (Ромски центар - Куманово); Говор на омраза; Решавање на ученички конфликти - СЕМПЕР БТ; Кариерно советување на учениците; Проект Отвори Очи Видиме Вистински – Здружение на граѓани ГАНИМЕД. Во рамките на овие проекти представници на нашето училиште учествуваа на повеќе обуки и семинари.

Според календарот за организација на учебната 2018/19 година беше организирано полагање на државна матура т.е. завршен испит за учениците од завршната години. Имено, одбраната на проектните задачи се одвиваа според календарот за работа во Априлскиот и Јунскиот испитен рок. Завршниот испит се полагаше во периодот од 13 до 20 Јуни во Јунскиот испитен рок и Августовскиот испитен рок од 12 до 23 Август.

Притоа од вкупно 15 редовни матуранти, а пријавени 4 на државната матура, три ја положија државната матура во Јунскиот рок, а за завршен испит се пријавија од 11 пријавени, 6 го положија завршниот испит во Јунскиот рок. Во Августовскиот рок преостанатите ученици ја положија матурата.

Во согласност со програмата на социологот, реализирани се различни облици на соработка со локалната самоуправа, разновидни предавања со теми од актуелно значење за возраста на учениците, поради подигање на физичката и менталната култура.

ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ ВО 2018/19

Ред бр.	Име на проект / активност	Место на реализација	Статус	Рок за реализација (временска рамка)	Почеток на реализација	Крај на реализација	Забелешка (износ на проектот, недоволно средства...)
1	Реновирање на кров, опшивки и олуци	СОЗУ Кузман Шапкарев	завршен	2 месеци	Oct-18	Dec-18	донација од АД МЕПСО во износ од 2,400,000 денари

2	Нова дограма	СОЗУ Кузман Шапкарев	завршен	10 дена	Јануари-2019	Јануари-2019	со средства на УСАИД од 1,220,000 денари, средства на општината од 150,000 денари и сопствени средства од 120,000 денари
3	Решавање на деценискиот проблем со одводот	СОЗУ Кузман Шапкарев	завршен	10 дена	Април-2019	Април-2019	средства од општината во износ од околу 720,000 денари, а изведувач Нискоградба
4	Поставување на уште по едно грејно тело во училниците на првиот спрат	СОЗУ Кузман Шапкарев	завршен	10 дена	Sep-19	Sep-19	средства од општината
5	оградување на пасиште од 30,000 метри квадратни за нагледните животни	СОЗУ Кузман Шапкарев	завршен	5 дена	Мај-2019	Мај-2019	сопствени средства од 30,000 денари
6	магнетни табли за сите училници на вториот спрат	СОЗУ Кузман Шапкарев	завршен	2 дена	Декември-2018	Декември-2018	сопствени средства од 25,000 денари
7	ставена во функција опремата за педолошка анализа на почвата, која стоеше запакована 3 години и отворена лабараторија за анализа на почвата	СОЗУ Кузман Шапкарев	завршен	3 дена	Март-2019	Март-2019	Проект Модел Фарма

8	изработка на хидраулична рака за кревање на бали (единствена во нашата држава)	СОЗУ Кузман Шапкарев	завршен	10 дена	Мај-2019	Мај-2019	24,000 денари сопствени средства. Учениците под менторство на наставникот Владимир Илиевски сами ја изработија машината која е единствена во нашата држава и со која драстично е олеснет процесот на кревање и складирање на балите
9	Реконструкција на фудбалското игралиште кое е во склоп на училиштето. Во попладневните часови и викендите, теренот ќе може да го користат, рекреативни групи на граѓани и сите фудбалски клубови и школи од Битола, со што драстично ќе се растерети Павел Шатев (ќумурното игралиште).	СОЗУ Кузман Шапкарев	во тек				Добиена е донација од ЈП Стрежево за копање на канал во должина од 500 метри и поставување на шахта со вода за наводнување на теренот. Многу е скапо да се наводнува теренот со вода за пиење од ЈП Водовод. Во тек се преговори со донатори за цревото во должина од 500 метри за да може ЈП Стрежево да донесе вода и да се заврши теренот. Преговорите се прават со помош на општината, со помош на ФК Пелистер и други добронамерници. Очекуваме до крајот на Април-2020 да заврши проектот.

П Р О Г Р А М А З А С О Р А Б О Т К А С О Л О К А Л Н А Т А С А М О У П Р А В А

Учебна 2018/ 2019 год.

Училиштето и локалната сомоуправа соработуваат и активностите успешно ги реализираат. На ниво на локална самоуправа најчесто соработката е со ОО Црвен Краст – Битола, ЈП Комуналец – Битола, Завод за рехабилитација на деца со оштетен слух Кочо Рацин – Битола, Невладини организации, Средства за информирање, МВР – Битола, Центар за јавно здравје - Битола

СЕПТЕМВРИ

Планирано	Реализирано
Соработка со ООЦрвен Крст – Битола	
Соработка со ЈПКомуналец - Битола	
Тековни активности	**07.09.2018 год.** Ученици од сите клсови со одговорни настаници ја посетија Зоолошката градина – Битола

ОКТОМВРИ

Планирано	Реализирано
Соработка со ООЦрвен Крст - Битола	
Соработка со Центарот за социјални работи - Битола	
Соработка со ООЦрвен Крст - Скопје	
Тековни активности	**15.10.2018 год.** Во просториите на училиштето

	претставноци на Здружението за еднакви можности Семпер од Битола со подршка на Општина Битола и Комисијата за еднакви можности помеѓу мажите и жените го реализира проектот наменет за едукација и превенција од семејно насилствонасловен како – Препознај семејно насилство и делувај.Опфатени се ученици од сите класови со цел за нивна поголема информираност за проблемот со семејното насилство и рано препознавање на истото **15.10.2018 год.** Претставници од Младински образовен форум – Скопје спроведоа истражување меѓу учениците од сите класови на тема – Социјален капитал кај младите во Република Македонија **15.10.2018 год.** Претставник од Управата за јавни приходи учениците од четврта година ги информира за проектот – Даночна едукација кај младите. Целта на овај проект е градење на социјално – свесни и совесни даночни обврзници **16.10.2018 год.** Министерството за одбрана на Република Македонија преду активисти за популаризација на воената професија учениците од трета и четврта година ги информираа за значењето и улогата на воената професија. Во училиштето на оваа средба учество зедоа – Шоповски

	Јованчо,Јуруковски Драги,Димитриевски Љупчо,Стојковска ујза и Димитроски Ѓоко **20-22.10.2018 год** Младински камп организиран од проектот МИМО УСАИД 10 ученици и 2 професори зедоа учество во младинскиот камп во Охрид на тема – Младите и меѓуетничката интеграција на млдите во средните училишта **22.10.2018 год.** Учество на квиз натпревар на Општинскиот пожарникарски квиз натпревар во ОУ Ѓорѓи Сугарев – Битола .Учество зедоа следните ученици - Калиновски Иле - Ориѓански Филип - Талевски Аледсандар Ментор – Милинг Лиле На натпреварот учениците освоија четврто место. **24.10.2018 год.** Учениците од сите класови во Големата сала на НУ Центар за култура Битола ја гледаа проекцијата на филмовите на Браќа Манаки организирана од Управата за заштита на културното наследство **24.10.2018 год.** Филиповска Марија – психолог присуствуваше на Инфо денови на Националната агенција за Еразмос плус во стручното образование во

	хотел Епинал - Битола

НОЕМВРИ

Планирано	Реализирано
Соработка со ОО Црвен Крст - Битола	
Соработка со министерство за внатрешни работи- Сектор за Внатрешни Работи - Битола	
Тековни активности	**13.11.2018 год.** Психологот Филиповска Марија во Центарот за култура присуствуваше на настанот – Акција против насилство и трговија со луѓе – Отворена порта **14.11- 16.11.2018 год.** Филиповска Марија и Илиевски Владимир учествуваа на обука за Наставници за Креативни работилници во хотел Континентал - Скопје **19.11.2018 год.** Претставници од центарот за јавно здравје – Битола – ДР Лилјана Милевска,ДР.Јован Тодоровски и Сузана Торкова одржаа предавање на тема – Борба против шеќерна болест..Предавање го слушаа ученици од сите класови. **23.11.2018 год.** Филиповска Марија – психолог учествуваше на средба во ЕКО – ЦЕНАРОТ каде беше претставен

	проектот – Стимулирање на учество на граѓаните во процесите на рециклирање преку имплементација на бенефит системите и соработка во истиот помеѓу Универзитетот Климент Охридски Битола ,Општина Битола и ЈП Комуналец Битола **26.11-28.11.2018 год.** Филиповска Марија и Илиевски Владимир учествуваа на обука за Наставници за Креативни работилници во хотел Континентал - Скопје

ДЕКЕМВРИ

Планирано	**Реализирано**
Недела за борба против семејното насилство	
Соработка со министерство за внатрешни работи – Сектор за Внатрешни работи Битола	
Соработка со Завод за рехабилитација на деца со оштетен слух – Кочо Рацин - Битола	
Соработка со Дом за стари лица – Сјуајдер – Битола	
Тековни активности	**03.12.2018 год.**

	Меѓу учениците од четврта година во просториите на училиштето беше спроведена анкета со наслов – Што музика слушаат 18 годишните во 2018 год. од страна на Стефан Гулевски локален,независен уметник и граѓанин од Битола **03.12.2018 год.** Пет ученици од втора година и наставникот Милинг Лиле зедоа учество во дефилето организирано од страна на клубот Ротери – Битола по повод денот на деца со потешкотии во развојот **06.12.2018 год.** Претставници од центарот за јавно здравје – Битола – ДР Лилјана Милевска,ДР.Јован Тодоровски и Сузана Торкова одржаа предавање на тема – Сида и заштита.Предавање го слушаа ученици од сите класови. **07.12.2018 год.** Ките Трајков и Сашо Гилевски претставници од –Одсек за превенција во МВР – Битола пред учениците од сите класови во просториите на училиштето одржаа предавање на тема – Зависности,насилство и пиротехника. **07.12.2018 год.** Во соработка со компанијата Интер Ворд во училиштето беа донирани 15 садници кои ќе се засадат во училишниот двор со што и учениците од ова училиште ќе се вклучат во

	акцијата – За почист воздух

ФЕВРУАРИ

Планирано	Реализирано
Соработка со ОО Црвен Крст - Битола	
Соработка со медиумите во општината	
Тековни активности	11.02.2019 год. Спроведена е анкета меѓу учениците за употребата на мултимедиумски содржини во учењето. – Сектор за јавни дејности,економски развој и информатичка технологија – Општина Битола во соработка со Факултетот за информатички и комуникациски технологии - Битола

МАРТ

Планирано	Реализирано
Соработка со Дом за стари лица - Сју Рајдер – Битола	
Соработка со Завод за рехабилитација на деца со оштетен слух – Кочо Рацин – Битола	
Тековни активности	13.03.2019 год. Најденовска Мери,Филиповска

	Марија и Милинг Лиле и пет ученици од сите класови присуствуваа на завршниот настан од проектот - Тема за дилема на кој заеднички работеа шест месеци 21.03.2019 год. Со учениците од сите класови се одржа работилница на тема - Врсничко насилство.Работилницата е реализирана од активисти на невладината организација - Семпер

АПРИЛ

Планирано	**Реализирано**
Соработка со ООЦрвен Крст – Битола	
Соработка со невладини организации	
Соработка со Општински сојуз на здруженија за техничка култура – народна техника	
Соработка со невладина организација	-
Соработка со ОО Црвен Крст – Битола - крводарителска акција	
Соработка со Народна техника -	

Битола	
Тековни активности	09.04.2019 год. Филиповска Марија психолог во училиште учествуваше во проектот – Нов прозорец кон подигнување на еколошката свест 11.04.2019 год. Претставници од факултетот за земјоделски науки и храна ги информираа учениците од четврта година за условите за упис во прва година на овај факултет 12.04.2019 год. Претставници од факултетот за биотехничик науки ги информираа учениците од четврта година за условите за упис во прва година на овај факултет 17.04.2019 год. Учениците од трета и четврта година од страна на стручни лица - МВР Битола,Државен испекторат за труд,Биро за развој на образованието и невладин сектор (Георгиевски Љупчо,стефаноски Зоран,Трајковски Ките и Марковски Крсте) одржаа предавање на тема – Трговија со луѓе и илегална миграција 22.04.2019 год. По повод денот на планетата земја – Направи ја планетата среќна – селектирај паметно 10 ученици од сите класови на Пункт – Стара чаршија делеа флаети под

	менторство на наставникот Ноневиќ Кирил 24.04.2019 год. Ученици и наставници (ментори) зедоа учество на – Државниот натпревар на земјоделските училишта.Ученикот Калиновски Иле зеде второ место од областа – Органско произвотство под менторство на наставникот Петровски Илија

MAJ

Планирано	Реализирано
Соработка со невладини организации	
Учество на државен натпревар меѓу земјоделските училишта во повеќе дисциплини	
Соработка со основните училишта	
	-
Соработка со невладини организации	
Соработка со невладини организации	

Тековни активности	

Ј У Н И

Локални медиуми	

Битола,
Август-2019

В.Д. Директор
Благојче Кривевски